| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на државен пат (Автопат А1), на КП 592, КП 591, КП 590 дел од КП 587, КП 586, дел од КП 584, дел од КП 582 и дел од КП 583 КО Прдејци, општина Гевгелија. |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Друштво за проектирање консалтинг, промет и услуги<br>ЕС – ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кичево |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Снежана Јовеска, диа овластување 0.0298<br>Емилија Јовеска, диа овластување 0.0672 |
| **Назив на работното место** | Планер потписник |
| **Контакт податоци за лицето** | Бул. Ослободување 54-1/4,<br>6250 Кичево<br>телефон:<br>+389 75 559 558 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Донесувањето на планскиот документ произлегува од законската обврска за планирање и уредување на просторот согласно Законот за урбанистичко планирање и подзаконските акти донесени врз основа на истиот. Со предметниот плански документ се врши изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на државен пат (Автопат А1), на КП 592, КП 591, КП 590 дел од КП 587, КП 586, дел од КП 584, дел од КП 582 и дел од КП 583 КО Прдејци, општина Гевгелија.<br>Планирањето на просторот се врши врз основа на издадени:<br>**Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички број Y31325 од ноември 2025 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-162/1од 13.01.2026 година**.<br>Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки за изработка на планските решенија во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија.<br>Планскиот документ се изработува согласно:<br>Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25);<br>Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Се донесува нов плански документ - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на државен пат (Автопат А1), на КП 592, КП 591, КП 590 дел од КП 587, КП 586, дел од КП 584, дел од КП 582 и дел од КП 583 КО Прдејци, општина Гевгелија. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да – просторно и урбанистичко планирање и и користењето на земјиштето |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| **Да ☐**<br>**Не ☒** | **Член:** | **Точка** | **Алинеја:** |
|---|---|---|---|

| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**<br><br>Не. |
|---|

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

НЕ – Планскиот документ не опфаќа користење на мала област од локално значење согласно член 65 став 3 од Законот за животна средина. Согласно допис од Министерството за животна средина и просторно планирање со број 11-578/1 од 28.01.2026 година, констатирано е дека просторот на предметниот проектен опфат не влегува во границите на заштитени подрачја, ниту во идентификувани Емералд и Натура 2000 подрачја.
Дополнително, согласно допис од Управата за заштита на културното наследство бр. 17-3575/2 од 11.11.2025 година, констатирано е дека во границите на предметниот проектен опфат не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

**Урбанистичкиот проект, има крајна цел преку:**

• рационално уредување и искористување на просторот;

• подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;

• оддржлив развој;

• заштита и унапредување на животната средина и природата;

• заштита на недвижното културно наследство;

• заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);

• јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите;

• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и

• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот

Основна цел на урбанистичкиот проект е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на опфатот и постојните плански документации од повиско ниво. Концептот на организација на просторот во рамките на предметниот проектен опфат и општи цели на изработувањето и донесувањето Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на државен пат (Автопат А1), на КП 592, КП 591, КП 590 дел од КП 587, КП 586, дел од КП 584, дел од КП 582 и дел од КП 583 КО Прдејци, општина Гевгелија е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени во Просторниот план на РМ, урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјиштето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредување на просторот.
Специфичните потреби во рамки на опфатот кои треба да се задоволат со овој на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори се:
- уточнување на крајните граници на планираните површини за градба со катастарските парцели со цел непречена реализација:
- почитување на изградениот градежен фонд (супраструктура и инфраструктура);
- планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот;
- задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро;

Можностите за просторен развој во рамки на опфатот се движат во рамки на создадавање на подобри услови и примена на посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот со примена на мерки со кои ќе се задоволат посебните интереси на просторниот развој. Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори претставува развоен документ со цел:
• рамномерен просторен развој
• рационално уредување и користење на земјиштето
• одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина
• почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
• вградување мерки за заштита и спасување,
• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
• почитување на законските прописи за дадената намена
• утврдување на параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко планска документација, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25)
• пропишување на општите и посебните услови за градење, преку параметри, кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.
Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.
Со изработка на Урбанистичкиот план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**
Планирање на просторот – инфраструктура.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**
-

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**
/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Планскиот документ се однесува на простор во рамки на КО Прдејци, Општина Гевгелија, кој се наоѓа во источниот дел од територијата на општината, во рамки на историската област Бојмија, од десната страна на реката Вардар, околу 8 км од центарот на Гевгелија.

Осовината на автопатот ја дефинира западната граница на проектниот опфат од каде е планиран влез и излез во градежната парцела.

Границата на проектниот опфат се движи:

- На север ја сече КП 2472, КО Прдејци, Општина Гевгелија

- На исток во јужен правец граничи со источната граница на КП 2472 се до средината на КП 582 каде скршнува на исток и се прекршува на југ сечејќи ги КП 583, КП 584 се до северната граница на КП 586 по која се движи се до пресекот со КП 587 каде скршнува кон запад по јужната страна на КП 590, КП 591, КП 592 и продолжува по источната страна на КП 2472 до средината на КП 654, КО Прдејци, Општина Гевгелија

- На југ ја сече КП 2472, КО Прдејци, Општина Гевгелија;

- На запад граничи со осовината на Автопатот А1.

Бензинската пумпна станица ќе биде лоцирана на територија на Општина Гевгелија. Планиран е сообраќаен пристап од автопатот, во правец Гевгелија-Демир Капија.

Географската положба на планскиот опфат е прикажана на приложената карта.




.

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Очекувани позитивни влијанија:**<br>• Реализацијата на проектот ќе обезбеди функционална и безбедна бензинска пумпна станица за корисниците на автопатот А1, придонесувајќи кон подобрување на сообраќајната инфраструктура.<br>• Проектот ќе отвори можности за локални вработувања и ангажирање на услуги во фазата на изградба и експлоатација.<br>• Со правилно планирање на отпадот и мерки за заштита на животната средина, ќе се минимизираат негативните ефекти врз почвата, водата и воздухот.<br>• Придонес кон рационално користење на просторот и усогласување со урбанистичките и инфраструктурните цели на државата.<br><br>**Очекувани негативни влијанија:**<br>• Во градежната фаза може да се појави бучава, прашина и привремено нарушување на визуелниот пејзаж.<br>• Можно е краткорочно нарушување на тишината во околината, како и привремен сообраќаен метеж поради транспорт на градежна механизација.<br>• Ризик од несреќи (истекување горива или масла, пожари) кој е минимизиран со примена на безбедносни мерки и планови за итни интервенции | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Веројатноста за појава на позитивните влијанија од реализацијата на Урбанистичкиот проект за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти е висока, со оглед на тоа што проектот е насочен кон подобрување на инфраструктурната опременост и функционалноста на предметниот простор долж државниот пат – автопат А1 (Е75). Позитивните влијанија ќе се манифестираат преку подобрување на услугите за корисниците на автопатот, зголемена безбедност и удобност во сообраќајот, како и преку поттикнување на локалниот економски развој.<br><br>Овие влијанија се јавуваат континуирано во текот на експлоатацијата на објектот и имаат долгорочен карактер. Дел од нив се трајни, особено во поглед на подобрувањето на инфраструктурната опременост на просторот, |

| | |
|---|---|
| | рационалното користење на земјиштето и развојот на услужни и економски активности во поширокото подрачје.<br><br>Од друга страна, негативните влијанија имаат ограничена веројатност и се претежно поврзани со фазата на изградба на објектот. Тие се со краткотрајно времетраење и се јавуваат повремено, најчесто како резултат на активности поврзани со градежните работи, употребата на механизација и транспортот на материјали.<br><br>Во фазата на експлоатација можни се појави на одредени влијанија поврзани со функционирањето на бензинската пумпна станица, како што се емисии од сообраќајот, бучава и потенцијални влијанија поврзани со ракување со нафтени деривати. Сепак, со примена на современи технички решенија, редовен мониторинг и спроведување на пропишаните мерки за заштита на животната средина, овие влијанија се контролирани и сведени на минимум.<br><br>Поголемиот дел од потенцијалните негативни влијанија се повратни, односно може да се намалат или целосно да се отстранат со примена на соодветни технички и организациски мерки во текот на изградбата и експлоатацијата на објектот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Кумулативната природа на влијанијата подразбира дека потенцијалните ефекти од реализацијата на проектот може да се надоврзат на веќе постоечките влијанија од други активности во поширокото подрачје, особено оние поврзани со функционирањето на автопатот А1 (Е75), сообраќајниот интензитет и постојната инфраструктура.<br><br>Во таа смисла, дел од влијанијата како што се емисиите на издувни гасови, бучавата и сообраќајната фреквенција може кумулативно да се надополнуваат со постојните влијанија од сообраќајот на автопатот. Сепак, со оглед на карактерот, обемот и намената на планираниот објект, се очекува овие влијанија да бидат ограничени и локализирани во непосредната околина на локацијата.<br><br>Од друга страна, позитивните ефекти од реализацијата на проектот, како подобрување на услужната инфраструктура долж автопатот, зголемување на безбедноста и удобноста на учесниците во сообраќајот и поттикнување на економските активности во поширокото подрачје, можат да имаат кумулативно позитивно влијание во комбинација со други инфраструктурни и развојни проекти во регионот. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Планскиот опфат се наоѓа во рамките на **Катастарска општина Прдејци, Општина Гевгелија**, во непосредна близина на државниот пат – автопат А1 (Е75), кој е дел од меѓународниот транспортен Коридор 10. Иако подрачјето на Општина Гевгелија се наоѓа во релативна близина на државната граница со Република Грција, планираната активност – изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти – има локален карактер и ограничен просторен опфат.<br><br>Со оглед на природата, обемот и карактерот на планираните активности, како и примената на соодветни технички |

| | |
|---|---|
| | и еколошки мерки за заштита на животната средина, не се очекува појава на значајни негативни влијанија кои би можеле да имаат прекуграничен карактер.<br><br>Потенцијалните влијанија кои можат да се јават во фазата на изградба, како што се привремена појава на бучава, прашина и присуство на градежна механизација, се временски ограничени и локализирани во непосредната околина на планскиот опфат. Во фазата на експлоатација, функционирањето на бензинската пумпна станица не генерира емисии или влијанија со интензитет и просторен обем што би можеле да се пренесат надвор од територијата на државата.<br><br>Имајќи го предвид наведеното, може да се констатира дека реализацијата на предметниот плански документ нема да предизвика прекугранични влијанија врз животната средина. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина поврзани со реализацијата и експлоатацијата на бензинската пумпна станица се оценуваат како релативно ниски, но не можат целосно да се исклучат.<br><br>Потенцијалните ризици може да бидат поврзани со несреќи или инцидентни ситуации како што се истекување на нафтени деривати, дефекти на техничката опрема, пожари или експлозии, како и евентуални сообраќајни незгоди во рамки на манипулативните и пристапните површини на објектот.<br><br>Во случај на несоодветно ракување со горива или техничка неисправност на опремата, постои потенцијален ризик од загадување на почвата и подземните води, како и ризик по безбедноста на вработените и корисниците на објектот.<br><br>Сепак, со примена на современи техничко-технолошки решенија, како што се двостени подземни резервоари за гориво, системи за детекција на истекување, системи за заштита од пожар, маслофаќачи и контролирано управување со отпадните води, како и со доследно почитување на безбедносните процедури и редовна обука на персоналот, овие ризици се сведуваат на минимум.<br><br>Дополнително, со изработка и примена на планови за управување со ризици и планови за итно постапување при несреќи, се обезбедува соодветна подготвеност за навремена реакција и минимизирање на можните последици. |

| | |
|---|---|
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опсегот и просторниот обем на потенцијалните влијанија од реализацијата на Урбанистичкиот проект се ограничени на локално ниво, односно во рамките на планскиот опфат и неговата непосредна околина.<br><br>Планскиот опфат се наоѓа на подрачје кое се наоѓа покрај трасата на автопатот А1 (Е75) и претежно се користи за инфраструктурни и земјоделски намени.<br><br>Со оглед на карактерот на планираната намена – бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти – потенцијалните влијанија се ограничени претежно на фазата на изградба, кога може да се јават краткотрајни влијанија како бучава, прашина и присуство на градежна механизација. Овие влијанија се локални и временски ограничени.<br><br>Од економски аспект, реализацијата на проектот може да има позитивни ефекти преку зголемување на економските активности во регионот, отворање на нови работни места и подобрување на услугите за корисниците на автопатот. Дополнително, изградбата на ваков тип инфраструктурен објект придонесува за подобрување на функционалноста на сообраќајниот коридор и за поефикасно користење на просторот.<br><br>Од социјален аспект, проектот ќе придонесе за подобрување на условите за одмор, снабдување со гориво и други придружни услуги за патниците, туристите и транспортните оператори кои транзитираат по автопатот А1 (Е75), што има позитивно влијание врз безбедноста, удобноста и квалитетот на патувањето. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Поширокото подрачје на планскиот опфат припаѓа на економскиот простор на **Општина Гевгелија**, која претставува значаен сообраќаен и економски центар во централниот дел на државата. Подрачјето се карактеризира со развиени индустриски, услужни и транспортни активности, а неговата поволна положба долж Коридорот 10 (автопат А1 – Е75) претставува важен фактор за развој на логистички и услужни содржини поврзани со патниот сообраќај.

Со реализацијата на планскиот документ се предвидува изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, што ќе придонесе за подобрување на инфраструктурната опременост долж автопатот и за обезбедување на неопходни услуги за учесниците во сообраќајот. Ваквиот тип на објекти има значајна улога во обезбедување услови за одмор, снабдување со гориво и други придружни услуги за патниците и транспортните оператори.

Просторот опфатен со проектот претставува градежно земјиште кое се наоѓа во непосредна близина на автопатот А1 (Е75), со намена која овозможува развој на инфраструктурни и услужни содржини. Со оглед на карактерот и намената на просторот, изградбата на ваков тип објект претставува рационално и економски оправдано користење на просторот, особено во контекст на развојот на сообраќајната инфраструктура.

Од социјален аспект, реализацијата на планскиот документ може да придонесе за зголемување на локалната економска активност преку ангажирање на работна сила и услуги во фазата на изградба и експлоатација на објектот. Дополнително, функционирањето на бензинската пумпна станица ќе овозможи нови работни места и ќе придонесе за подобрување на услугите за корисниците на автопатот, што има позитивно влијание врз безбедноста и комфорот на патувањето.

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br><br>Реализацијата на планираниот проект – изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти – ќе придонесе за подобрување на функционалноста и инфраструктурната опременост на просторот, што ќе резултира со зголемување на вредноста и искористеноста на предметното земјиште. Со уредувањето на локацијата, изградбата на сообраќајна и комунална инфраструктура и воведувањето на нови услужни содржини, ќе се овозможи поорганизирано и поефикасно користење на просторот.<br><br>Со оглед на карактерот на планираната намена, како и примената на современи технички решенија и мерки за заштита на животната средина при изградбата и функционирањето на објектот, не се очекува значително зголемување на ранливоста на подрачјето. Напротив, со уредувањето на просторот и воспоставувањето на соодветна инфраструктура се создаваат услови за подобро управување со просторот и за намалување на потенцијалните ризици по животната средина. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 17-3575/2 од 11.11.2025 година, констатирано е дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br><br>Во истиот допис се наведува:<br>“Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/40, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Македонија“ б р . 20/19, 3/25 и 160/25). |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Надминувањето на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности може да се случи ако не се применат соодветни мерки за контрола и мониторинг на потенцијалните влијанија на проектот. Во подготвителната и конструктивната фаза, ризикот од надминување на граничните вредности за бучава, прашина и отпадни води може да се појави доколку не се следат пропишаните стандарди за заштита на животната средина. Во оперативната фаза, постои можност од рефлектирање на сончева светлина од панелите, што може да влијае на локалната заедница привремено. Сепак, со оглед на природата и обемот на проектот, не се очекуваат надминувања на стандардите и граничните вредности, доколку се спроведуваат предвидените мерки. |

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со Урбанистичкиот проект се формира градежна парцела и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со **Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и **Правилникот за урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26).<br><br>Земјиштето во рамките на планскиот опфат се наоѓа во **Катастарска општина Прдејци, Општина Гевгелија**, во непосредна близина на автопатот А1 (Е75) и претставува градежно земјиште на кое се предвидува изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти, како и соодветни сообраќајни и манипулативни површини. Со реализацијата на проектот ќе се изврши трансформација на дел од постојното земјиште во инфраструктурно уреден простор наменет за услужни активности поврзани со патниот сообраќај.<br><br>Во фазата на изградба ќе се извршат градежни активности кои вклучуваат земјени работи, ископи за поставување на подземни резервоари за гориво, изведба на темели за објектите, изградба на манипулативни и сообраќајни површини, како и поставување на потребната техничка и комунална инфраструктура. Овие активности се временски ограничени и се спроведуваат во рамки на дефинираниот плански опфат.<br><br>Во фазата на експлоатација, користењето на земјиштето ќе биде наменето за функционирање на бензинската пумпна станица и придружните услужни содржини, при што активностите ќе се одвиваат во рамките на уреден инфраструктурен простор и согласно важечките стандарди и прописи за заштита на животната средина. Со оглед на карактерот на планираната намена и примената на соодветни технички решенија, не се очекува појава на прекумерна или неконтролирана интензивна употреба на земјиштето надвор од предвидениот плански опфат. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.** | Планскиот документ не опфаќа користење на мала област од локално значење согласно член 65 став 3 од Законот за животна средина. Согласно допис од Министерството за животна средина и просторно планирање Арх. бр. 11-578/1 од 28.01.2026 година, констатирано е дека просторот на предметниот плански опфат не влегува во границите на заштитени подрачја, ниту во идентификувани Емералд и Натура 2000 подрачја. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Планскиот документ – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти – претставува основа за уредување и користење на просторот во рамките на дефинираниот плански опфат во **Катастарска општина Прдејци, Општина Гевгелија,** покрај трасата на автопатот А1 (Е75). Со овој документ се утврдуваат условите за изградба и функционирање на бензинска пумпна станица со придружни и услужни содржини. |

Со планскиот документ се дефинира точната локација на планираната намена, како и основните урбанистички параметри и услови за реализација на планираните содржини. Во рамките на документот се утврдуваат границите на градежната парцела, намената на просторот, можностите за изградба на објекти, како и условите за уредување на сообраќајните, манипулативните и инфраструктурните површини, со што се создава јасна рамка за реализација на проектот во согласност со важечката законска регулатива и урбанистичките стандарди.

Планскиот документ ја определува природата и карактерот на планираните активности, кои се однесуваат на изградба и експлоатација на објект од услужен карактер поврзан со патниот сообраќај, со соодветни придружни содржини како што се објект за услуга на корисниците, продажен простор, санитарни јазли, паркинг и манипулативни површини, како и поставување на потребната техничка и комунална инфраструктура.

Исто така, документот ги дефинира основните параметри за големината и просторната организација на објектите и површините, како и условите за нивно функционирање, вклучувајќи обезбедување на сообраќаен пристап од автопатот, приклучување на комуналната инфраструктура и примената на соодветни технички и еколошки стандарди при изградбата и користењето на објектот.

Со планскиот документ се создава основа за рационално користење на просторот и ресурсите на предметната локација, при што се обезбедуваат услови за безбедно и ефикасно функционирање на бензинската пумпна станица и придружните услужни содржини, како и за заштита на животната средина и околниот простор.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Проектниот опфат на предметниот Урбанистички проект се наоѓа во **Катастарска општина Прдејци, Општина Гевгелија**, во непосредна близина на трасата на државниот пат – автопат **А1 (Е75)**, кој претставува дел од Паневропскиот Коридор 10 и е еден од најзначајните сообраќајни правци во државата.

Просторот во непосредната околина на планскиот опфат се карактеризира со отворен простор со претежно земјоделско земјиште и инфраструктурни содржини поврзани со автопатот. Во поширокото подрачје се наоѓаат и населени места од Општина Гевгелија, при што најблиску до локацијата се наоѓа населеното место Прдејци. Во непосредната околина на планскиот опфат не се евидентирани значајни индустриски капацитети или други активности кои би претставувале значителен извор на загадување на животната средина.

Главниот фактор кој има влијание врз животната средина во поширокото подрачје е сообраќајот на автопатот, кој создава одредено ниво на бучава и емисии на издувни гасови од моторните возила. Сепак, ваквите влијанија се карактеристични за сите подрачја долж автопатите и претставуваат веќе постоечка состојба во просторот.

Со реализацијата на планираната намена – бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти – се предвидува развој на инфраструктурна содржина која е функционално поврзана со автопатот и со сообраќајните активности. Ваквиот тип објекти претставува вообичаен и неопходен дел од инфраструктурата долж автопатите и има за цел обезбедување на услуги за корисниците на патната мрежа, како што се снабдување со гориво, краткотраен одмор и други придружни услуги.

Со оглед на карактерот на планираната активност и примената на современи технички решенија и мерки за заштита на животната средина (контролирано складирање на гориво, системи за заштита од истекување, маслофаќачи, третман и соодветно управување со отпадните води), не се очекуваат значајни негативни влијанија врз животната средина во непосредната и пошироката околина на планскиот опфат.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

При изработката на планскиот документ се земени предвид издадените услови за планирање од надлежните институции, со што се обезбедува интегрирање на аспектите на заштита на животната средина во процесот на планирање, како и мерките за заштита и спасување од надлежните институции.

Во рамките на постапката за изработка на Урбанистичкиот проект се користени:

- **Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички број Y31325 од ноември 2025 година и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-162/1од 13.01.2026 година**

- Податоци и информации од **Дирекцијата за заштита и спасување**, Подрачно одделение Гевгелија, допис со број 09-362/3 од 21.10.2025, со кои се утврдуваат условите за заштита и спасување согласно Законот за заштита и спасување.

Планскиот документ се однесува на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на автопатот А1 (Е75) во Катастарска општина Прдејци, Општина Гевгелија**. Во таа насока, релевантните еколошки прашања се поврзани со користењето на земјиштето, влијанијата во фазата на изградба и функционирање на објектот, како и со можноста за заштита на почвата, водите и воздухот.

**1. Користење на земјиштето и трансформација на просторот**

- Планскиот документ предвидува изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти и сообраќајни површини во близина на автопатот А1 (Е75).
- Природата на влијанието е локална и временски ограничена на фазата на изградба.
- Степенот на сериозност е умерен, бидејќи активностите ќе се спроведуваат во простор кој е веќе поврзан со сообраќајната инфраструктура и се наоѓа во близина на автопатскиот коридор.

**2. Краткотрајни влијанија во фазата на изградба**

- Овие влијанија можат да вклучуваат бучава, појава на прашина и присуство на градежна механизација.
- Природата на влијанието е привремена и локална.
- Сериозноста е ниска до средна, бидејќи со примена на соодветни мерки (контрола на прашина, ограничување на работното време и безбедносни мерки) овие влијанија можат значително да се намалат.

**3. Влијанија врз почвата и пејзажот**

- Изградбата на објектите, поставувањето на подземни резервоари за гориво и изведбата на манипулативни и паркинг површини може привремено да влијае врз локалната почва и визуелниот пејзаж.
- Природата на влијанието е ограничена на површините на кои се изведуваат градежните активности, а степенот на сериозност е умерен.
- По завршување на изградбата и уредување на просторот, овие влијанија се намалуваат преку уредување на теренот и евентуално озеленување.

**4. Влијанија во фазата на експлоатација**

- Основната активност – функционирање на бензинската пумпна станица – може да има потенцијални влијанија врз почвата и водите доколку не се применуваат соодветни технички мерки.
- Со оглед на тоа што проектот предвидува современи системи за складирање на гориво, заштита од истекување, маслофаќачи и соодветно управување со отпадни води, ризикот од негативни влијанија е минимален.
- Природата на влијанието е долгорочна, но со низок степен на сериозност доколку се почитуваат пропишаните стандарди.

**5. Позитивни ефекти врз животната средина**

- Реализацијата на планскиот документ овозможува рационално користење на просторот во близина на постојната сообраќајна инфраструктура и спречување на неорганизирана изградба.
- Со уредувањето на просторот и примената на соодветни технички решенија се намалува можноста за неконтролирани влијанија врз почвата и водите.
- Планскиот документ придонесува кон одржлив развој на инфраструктурата поврзана со автопатот и обезбедува услови за организирано и еколошки контролирано функционирање на бензинската пумпна станица.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Планскиот документ кој е предмет на разгледување е дел од хиерархијата на просторни и урбанистички планови и се усогласува со следните клучни плански документи на национално и локално ниво:

1. **Просторен план на Република Северна Македонија (2004 – 2020)**
   - Овој документ утврдува основни принципи за развој на територијата на државата, вклучително и рационално користење на инфраструктурните коридори, заштита на животната средина и обезбедување на одржлив развој.
   - Клучни влијанија врз животната средина: обезбедување рамка за заштита на природните ресурси, регулирање на градежните активности, намалување на ризикот од неконтролирана урбанизација и спречување на деградација на земјиштето и екосистемите.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот проектен опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Потенцијалните влијанија врз животната средина кои произлегуваат од реализацијата на планскиот документ ќе бидат дополнително разгледани и оценети во подоцнежните фази на проектирање и реализација на конкретните проекти. При подготовката на проектната документација и во постапките за добивање на потребните одобренија ќе се применуваат одредбите од важечката законска регулатива за заштита на животната средина, вклучително и постапките за оцена на влијанието врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина, доколку истите се применливи. На тој начин ќе се обезбеди потенцијалните влијанија врз животната средина да бидат соодветно идентификувани, анализирани и земени предвид при донесувањето на одлуките во следните фази на планирање и реализација.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер за транспорт**<br>Александар Николоски |
| **Датум:** 27.03.2026<br>**Место:** 67-319/10 | **М.П.** |